# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXV

Скопје, декември 2012 г.



# СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

## СОДРЖИНА

2 страна
***Порака од Генералниот секретар на Обединети нации***

3 страна
***Отворен ден на Дневниот центар - ПОРАКА Скопје***

4 страна
***Значајни признанија за РЦПЛИП - ПОРАКА***

5 страна
***Шест години од донесувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост***

6,7,8, 9, 10 и 11 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА по повод 3-ти Декември***

12 и 13 страна
***Отворено писмо од ЕАСПД и ЕНИЛ***

14 и 15 страна
***- Социјални активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА***
***- Социјални активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Кавадарци***

16 страна
***Наша страница***
***Работилница со учениците од Американското училиште “QSI”***

*“ПОРАКА”*
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2012 год. Број 4, год. XXV**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

## *Порака од Генералниот секретар на ОН*

# ПОРАКА ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**3-ти Декември 2012 година**



***Ban Ki-moon,***
*Генерален секретар на Обединети нации*

***Истакнувајќи ја потребата да им се обезбеди еднаков пристап до сервисните служби и можности, Генералниот секретар на ОН денес повика за нови глобални напори насочени кон “создавање на општества кои ги вреднуваат различноста и инклузијата.***

**Овогодинешните параолимписки игри беа потсетник за огромниот потенцијал на лицата со попреченост со кој можат да инспирираат. Една девојка напиша писмо до еден носител на златен медал од параолимписките игри во кое вели: “Гледајќи ве како ги надминувате потешкотиите во животот, стремејќи се кон нови победи и нови висини во спортот, јас црпам сила и инспирација.”**

**Лицата со попреченост имаат силно позитивно влијание врз општеството, а нивните придонеси можат да бидат дури и поголеми ако ние ги отстраниме бариерите за нивно учество. Со повеќе од една милијарда лица со попреченост во светот денес, тоа е уште поважно од кога и да е.**

**Нашиот предизвик е да им се обезбеди на сите лица еднаквост до пристапот што им е потребен и кој го заслужуваат. Тоа ќе создаде подобар свет за сите. Како што преговарачите на овогодинешната Конференција на ОН “Рио+20” за одржлив развој се согласија, пристапноста е суштинска, за да ја постигнеме иднината што ја сакаме.**

**Заедно, мора да се стремиме да ги постигнеме целите од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост: да се елиминира дискриминацијата и исклучувањето, и да се создадат општества кои ќе ги вреднуваат различноста и инклузијата.**

**Со цел да се поттикнат активности за премостување на јазот помеѓу добронамерните заложби и задоцнетите акции, Генералното собрание на Обединетите нации следната година ќе одржи состанок на високо ниво за попреченост и развој. Овој состанок ќе се одржи додека меѓународната заедница работи на создавањето на развојна агенда по 2015 година, претставувајќи можност да се обезбеди дека правата, загриженостите и придонесите од лицата со попреченост се целосно земени во предвид.**

**Овој 3-ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост го одбележува официјалното отворање на подготовките за состанокот на високо ниво. Треба да го искористиме максимумот од ова наше одбележување со тоа што ќе работиме да се осигура дека лицата со попреченост ги уживаат нивните права и го реализираат нивниот голем потенцијал.**

## Активности за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост

### *Меѓународен ден за лицата со попреченост, 3-ти Декември 2012 година*

# ОТВОРЕН ДЕН НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР - ПОРАКА СКОПЈЕ

Во рамките на својата програма за одбележување на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА на 4.12.2012 година организираше Отворен ден на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во Скопје

Отворениот ден се организираше со цел да се подигне степенот на познавање и разбирање на потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и да се зголеми свеста за позитивните придобивки од нивното вклучување во секојдневниот живот на заедницата. Во текот на отворениот ден се презентираа активностите на дневниот центар – ПОРАКА Скопје, а присутните имаа можност да се дружат со корисниците на дневниот центар.

Во рамките на Отворениот ден, а по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА врачи признанија за поддршката на поединци, институции и организации кои во текот на 2012 година дале свој придонес за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија.РЦПЛИП – ПОРАКА врачи Благодарници на:

- **Г-дин Спиро Ристовски, Министер за труд и социјална политика**, за соработката и поддршката на програмските активности на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА.
- **Г-дин Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје**, за соработката и поддршката на програмските активности на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје.
- **Совет на Град Скопје**, за соработката и поддршката на програмските активности на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје.
- **Г-дин Роберт Велков**, Градоначалник на Општина Радовиш, за соработката и поддршката за реновирање на објектот на Дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.
- **Совет на Општина Радовиш**, за соработката и поддршката за реновирање на објектот на Дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.
- **Г-дин Николајчо Николов, Заменик – генерален директор на Рудник “Бучим”**, за соработката и поддршката за реновирање на објектот на Дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.
- **Г-дин Душко Чамински, Претседател на Координативно тело за спроведување на Локалниот акционен план за попреченост во Општина Радовиш**, за соработката и поддршката за реновирање на објектот на Дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.

По врачувањето на Благодарницата, г-дин Ристовски потенцираше: **“Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е една од најрелевантните организации за работа со лица со интелектуална попреченост од невладиниот**



**сектор, затоа би сакал да им честитам за успешната работа. Овде признание не заслужува само самата организација, туку и поединците што работат со лицата со интелектуална попреченост во групи, затоа што тие најдобро го поттикнуваат нивниот психофизички развој, што покажува дека вон-институционалната работа со вакви категории на луѓе е многу подобро решение отколку институционалното згрижување на овие лица. Овде лицата со интелектуална попреченост стекнуваат знаења што им помагаат во нивниот интелектуален, но и моторички развој, а јас навистина се надевам дека отворањето на уште еден ваков Центар на ниво на Скопје, во другиот дел од градот, иднава 2013 година ќе стане реалност.”**

Г-дин Трајановски пак нагласи: **“Денеска присуствуваме на еден навистина убав чин, кога оние на коишто се обидуваме да им помогнеме сакаат да ни ја искажат својата благодарност, што за мене има навистина огромно значење. Благодарницата што денеска ја примив во името на Град Скопје, се доделува во знак на одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, а ние, во рамки на Отворениот ден на дневниот центар, традиционално сме овде со нашите пријатели од ПОРАКА. Град Скопје веќе неколку години наназад финансиски ја поддржува работата на овој Центар, а за идната 2013 година од Буџетот издвои 2 милиони денари за оваа намена. Се надевам дека ќе ги исполниме нашите заеднички планови со министерот Ристовски и дека ќе успееме да отвориме уште еден ваков Центар за грижа на лицата со интелектуална попреченост на дневно ниво.”**

Г-дин Велков истакна: **“Партнерството помеѓу Општина Радовиш, РЦПЛИП - ПОРАКА и ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш во 2012 година резултираше со овозможување програмските активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш да се одвиваат во навистина соодветни просторни услови. Поддршката на оваа социјална сервисна служба од страна на Општина Радовиш ќе продолжи во наредната 2013 година.”**

## Значајни признанија за работата на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Награда “13-ти Ноември” за ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје е оформен во 1977 година, како една од 20-те локални организации на РЦПЛИП – ПОРАКА, со цел да ги застапува правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост на територијата на Град Скопје. Во своето 35-годишно активно делување за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост, ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје е носител на бројни иницијативи кои се насочени кон создавање на услови за достоинствен живот на своите членови со интелектуална попреченост и нивните семејства. Во рамките на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје, 12 години успешно работи дневниот центар – ПОРАКА Скопје, како социјална сервисна служба за адолесценти и возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост во Скопје.

**Големиот број на успешно реализирани редовни програмски задачи, посебни програми и проекти, говорат за делувањето и функционирањето на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје како важен чинител во процесот на изедначување на можностите на лицата со интелектуална попреченост. Препознавајќи ја оваа важна улога, Градот Скопје одлучи да ја додели Наградата „13 Ноември” за 2012 година од областа на хуманитарната активност и социјалната заштита на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје.**

Во рамки на централното одбележување на 13 Ноември - Денот на ослободување на Скопје, во Салата на Македонската Опера и Балет, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски ги врачи признанијата на добитниците на Наградата „13 Ноември на Град Скопје” за 2012 година и истакна: “Традиционалната годишна награда „13 Ноември на Град Скопје”, за особени достигнувања и остварувања во сите сегменти на животот, е знак на признание на Градот Скопје кон сите оние што со својот труд и достигнувања придонеле за неговиот развој, но и за севкупниот напредок и афирмација на Република Македонија, во и надвор од нејзините граници.”




# Признание за РЦПЛИП - ПОРАКА за придонесот кон унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје

Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А. годинава ја одбележува шеесеттата годишнина на Меѓународната федерација за планирано родителство (МФПР) која е формирана во 1952 година во Индија, со цел да се помогне да се остварат репродуктивните права на жените.

Во рамки на програмата за одбележување на овој јубилеј во Македонија, Х.Е.Р.А. на 24-ти октомври 2012 година додели признанија на граѓански организации, активисти, публицисти и новинари кои дале свој придонес кон унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и за застапување за остварување на сексуалните права.

**Единствената граѓанска организација која го доби ова важно признание од Х.Е.Р.А. е Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.**



**Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија**

# Шест години по усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост – дали се подобри животот на лицата со интелектуална попреченост?

***На 13-ти декември се одбележуваат шест години од усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост од страна на Генералното собрание на Обединетите нации, првиот договор за човекови права во 21-от век. 125 земји ја ратификувале Конвенцијата досега, од кои 24 држави членки на Европската унија. Воедно, оваа Конвенција е првиот инструмент за човекови права кој го ратификувала и Европската унија.***

**Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост добила најголем број на потписи на самиот ден на отворањето, но и покрај оваа висока политичка заложба, што се изменило во животот на лицата со попреченост?**

Прашањата околу попреченоста очигледно дека беа во центарот на многу дебати во изминатите години, повеќе внимание се обрнуваше на “невидливите” граѓани, а попреченоста е прифатена како тема од човековите права. Сепак, **со мерките за штедење и намалувањата во буџетите, постои ризик да не се постигне вистински напредок и подобрување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост.** Семејствата треба да надополнуваат за намалувањата во социјалните трошоци. Со тоа само се дополнува на сиромаштијата и ранливоста на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Изменувањето на критериумите за подобност и подолгите листи на чекање го зголемуваат товарот на семејствата. Немање избор значи и немање квалитет на живеење.

**Лицата со интелектуална попреченост и денес се уште се ставаат под старателство, губејќи ги со тоа повеќето од нивните основни права, како на пример, правото на брак или на глас,** иако Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост јасно забранува потполно старателство. Додека се одвиваат дебати во многу европски земји, а во тек се и реформи во однос на деловната способност, некои лица со интелектуална попреченост остануваат “легално мртви” без преглед на нивната ситуација. Досега не е имплементиран ниеден соодветен модел за поддршка.

**Многу лица со интелектуална попреченост се уште живеат во големи резиденциски институции.** Во последните години Европската унија покажа поголема политичка заложба и ги истражуваше условите и потенцијалите за да се оствари правото на самостојно и независно живеење и вклученост во заедницата. Благодарение на извештајот за преминување од институционална грижа во грижа во местото на живеење, во кој се опфатени прашањата за реформите во институционалната грижа заедно со нивната сложеност, како и други истражувања и студии финансирани од Европската комисија, покажуваат и носат докази за кршења на човековите права и сегрегирање во резиденциските средини, особено за лицата со интелектална и психосоцијална попреченост. Ваквата



работа е прв обид за советување како да се постигне деинституционализација и што да се избегне од искуствата на оние држави членки каде ваквите реформи се веќе спроведени. Сепак, **намалувањата во поддршката за самостојно живеење ги одлага напорите за воведување индивидуални буџети и развој на нови сервисни служби во местото на живеење**.

**Децата со интелектуална попреченост се уште се далеку од уживање на еднакви и инклузивни образовни можности во Европа.** Иако изгледа дека одреден број земји реализирале некакви обиди да ги направат редовните образовни системи поинклузивни, недостасува потребното ниво на поддршка за инклузивното образование да биде на располагање за сите деца. Организациите членки на Европската Инклузија беа особено алармирани од страна на скорешните донесени политички одлуки како одговор на економската и финансиската криза. Нашите членки во неколку европски земји, вклучувајќи ги Ирска и Шпанија, известија дека мерките за штедење кои ги презеле владите за справување со економската рецесија ги загрозуваат подобрувањата во инклузивното образование.

**Шест години по усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, попреченоста е ставена како тема на агендата на националните и европските политики, но се уште треба многу работа за да се осигура дека лицата со интелектуална попреченост ги уживаат истите човекови права како и нивните сограѓани.**

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одбележување на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост на локално ниво

***Локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА, во текот на декември 2012 година, преземаа низа активности за работно одбележување на 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Согласно насоките од Обединетите нации, оваа година локалните организации реализира голем број настани за подигнување на јавната свест кои беа насочени кон истакнување на проблемите со бариерите во секојдневниот живот на лицата со интелектуална попреченост.***

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш** и оваа година со свои активности пригодно го одбележи 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Програмата за одбележување на овој ден ги следеше насоките и годинешната тема предложена од Обединетите нации под мотото: “Отстранување на бариерите со цел да се создаде инклузивно и пристапно општество за сите”. Согледувајќи ги искуствата на локално ниво во поглед на бариерите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост за нивниот нееднаков пристап кон сервисните служби на полето на образование, вработување, здравствена грижа, транспорт итн. програмските активности за одбележување на 3-ти Декември се одвиваа кон намалување на бариерите и поголема пристапност кон овие служби. Со свои активности ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш беше присутна во образованието и во здравството приближувајќи ги овие служби кон лицата со интелектуална попреченост. За таа цел, на 30.11.2012 година во Здравствениот дом Радовиш се изврши систематски преглед на корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш со цел да се превенира и да се подобри нивната здравствена состојба. Истиот ден корисниците на дневниот центар заедно со ученици од осмо одделение во ОУ “Никола Карев” спортуваа на час по физичко образование. Ова претставуваше можност корисниците на дневниот центар да се запознаат со текот на наставата по физичко образование во спортска сала од затворен тип, да се запознаат со училиштето и да се промовираат нивните потенцијали и можности на полето на спорт и рекреација. На 3.12.2012 година, во просториите на дневниот центар се одбележа 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Присутни беа голем број на гости на локално ниво: градоначалникот на Општина Радовиш, д-р.Роберт Велков, претставници на Советот на Општина Радовиш, претставници од канцеларијата за локален економски развој, претставници на јавни институции: Центар за социјална работа, Фонд за здравствено осигурување, Здравствен дом, претставници од основните училишта “Никола Карев”, “Крсте Петков Мисирков”, средното училиште “Коста Сусинов”, детската градинка “Ацо Караманов”, невладини организации и организациите на жени “Деница” и “Женска акција”, родители на лицата со попреченост и локални медиуми. На овој ден, краток осврт за значењето на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, потребите и можностите на лицата со попреченост и нивно вклучување во сите сфери на живеењето даде Татјана Костадинова. Поздравно обраќање до присутните имаше и Градоначалнкиот на Општина Радовиш, кој изрази големо задоволство од работењето на дневниот центар како сервисна служба, но и вети понатамошна поддршка од страна на локалната самоуправа во работењето и остварувањето на програмата за работа во наредната година. Потоа од страна на претставниците на јавните институции се дадоа различни согледувања и коментари на локално ниво за намалување на бариерите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост во остварување на нивните права и нивниот нееднаков


ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш


ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

пристап во службите за образование, вработување, здравствена грижа, транспорт итн. Целиот настан беше проследен и прикажан од страна на локалните медиуми ТВ Кобра и ТВ Еми.

По повод одбележувањето на 3-ти Декември, Меѓународниот ден ла лицата со попреченост **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА - БИТОЛА** имаше за цел да ја промовира организацијата пред сите државни институции, другите невладини организации и приватни институции кои имаат допирни точки со потребите на лицата со интелектуална попреченост. За таа цел се испечатија флаери во кои се опишани принципите, целите и активностите на организација. ЦПЛИП – ПОРАКА Битола стапи во контакт со државните институции како: Центар за ментално здравје, Републички завод за социјални дејности, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух “Кочо Рацин” - Битола, ОУ “Ѓорги Сугарев” - Битола, Сојуз на слепи лица, Сојуз на глуви и наглуви лица, Сојуз на телесни инвалиди, Здружение на инвалиди, Лион организација, Црвен крст – Битола, со цел да се обединат сите во одбележувањето на овој ден. На 2-ри декември ЦПЛИП ПОРАКА - БИТОЛА учествуваше на активноста организирана од страна на ЛИОН организација во Битола во Центарот за социјална работа - Битола, заедно со Здружение на инвалиди и ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас, на која присутните подобро се запознаа со активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, понатаму потребите на лицата со интелектуална попреченост со цел продлабочување на соработката и полесно надминување на проблемите со кои се соочуваат овие лица и нивните семејства. На 3-ти декември во ОУ “Ѓорги Сугарев” беше организирана изложба на ликовни, литературни творби и предмети изработени по техничко образование на учениците од посебните паралелки во училиштето. Со голема поддршка од директорот и наставниците учениците во училиштето беа запознати со оваа популација и изработија прекрасни творби. Присутни беа и родителите на децата со интелектуална попреченост и медиумите. На 3-ти декември во 12 часот во ОУ “Ѓорги Сугарев” беше организирана трибина на која присуствуваа дефектолозите, наставниците, директорот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас и родителите на лица со интелектуална попреченост. На трибината се презентираа резултатите од претходните активности и проблемите кои треба да се надминат. Акцент беше ставен на прашањето за отворање на средно училиште во Битола за деца со интелектуална попреченост. Се разгледуваа идеи за активности во корист на истото кои би ги реализирале во тек на месец декември. По завршувањето на трибината во 13 часот ЦПЛИП – ПОРАКА Битола се придружи на работилница на ликовни творби, организирана од ЛИОН организацијата во Битола на која беше присутен и градоначалникот на Општината.

Согласно однапред планираното, членовите на **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица** го одбележаа 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост со средба и дружење со учениците од медицинската струка на СОУ “Димитар Влахов”, притоа имајќи ги во предвид заложбите за интегрирање на лицата со интелектуална попреченост во нивната средина и меѓу популацијата без попреченост. Тргнувајќи од долгорочните цели на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица за надминување на предрасудите поврзани со лицата со интелектуална попреченост и за подигање на свеста кај целокупната популација за прифаќање на оваа категорија на граѓани, членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица ја прифатија поканата од учениците за заедничко одбележување на 3-ти Декември. На тој начин се продлабочи веќе воспоставената соработка со учениците од медицинската струка на СОУ “Димитар Влахов” кои неколкупати ги посетуваат лицата со интелектуална попреченост во просториите на социјалниот клуб. Средбата се одржа на самиот ден, во претпладневните часови, а започна со пречек на членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и со обраќање на еден од учениците и потенцирање на важноста на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, потребата од прифаќање на попреченоста, важноста на социјализирањето на лицата со попреченост надвор од нивните домови и нивно оспособување за самостоен начин на живот. Од своја страна, членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица им подарија на учениците самостојни изработки, а средбата продолжи со закуска организирана од училиштето и неформална дискусија


ЦПЛИП - ПОРАКА Битола


ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

со психологот во врска со потребите и проблемите на лицата со интелектуална попреченост и она што за нив е направено на ниво на општината. Во текот на целата средба имаше одлична интеракција меѓу членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и учениците. Средбата беше медиумски покриена од страна на една од локалните телевизиски станици. Секоја година по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во просториите на Домот на АРМ се одржува средба на градоначалникот со претставниците од невладини организации од Општина Струмица. И годинава се одржа таква средба и се разговараше за она што е направено за лицата со попреченост во општината од страна на надлежните органи на локалната самоуправа и она што во иднина треба да се преземе заради зголемување на нивната благосостојба и нивно прифаќање како рамноправни граѓани на локалната заедница. Претставниците на невладините организации ги посочија најчестите проблеми со кои се соочуваат нивните членови при остварувањето на своите права, а од страна на градоначалнкиот беше изразена подготвеност за соработка и поддршка на невладиниот сектор при реализацијата на проекти.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Гевгелија** одбележувањето на 3-ти Декември го започна на 30.11.2012 година со најмалите ученици во основните училишта. Оваа средба имаше за цел подигнување на свеста кај најмалите за лицата со интелектуална попреченост, како да ги прифатат другарчињата со интелектуална попреченост. На 3-ти Декември се одржа работен состанок на родителите на лицата со интелектуална попреченост со претставници од релевантните институции каде лицата со интелектуална попреченост ги остваруваат своите права. Состанокот даде можност да се информираат родителите на лица со интелектуална попреченост за новините при обновата на документацијата за остварување на одредени права од социјална заштита. Беа дадени информации за плаќањето на партиципација за здравствените услуги, односно се дискутираше за сите права кои ги имаат лицата со интелектуална попреченост, за бариерите на кои се наидува при нивното остварување и начините за надминување на овие бариери.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар** организираше повеќе активности за одбележување на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во периодот од 15-ти октомври до 15-ти ноември течеше конкурс за ликовни и литературни творби на кои учество зедоа ученици од основното и средното образование на тема: “Вашата добрина – наша гордост”. На 3-ти Декември, ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар во соработка со СОУ “Крсте Петков Мисирков”, Домот на културата “Илинден” и основните училишта од Општина Демир Хисар, а поддржано од градоначалникот на Општината и локалната самоуправа, во големата сала на Домот на културата одржа одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост на тема “Отстранување на бариерите со цел создавање на инклузивно и пристојно општество за сите”, под мотото “Вашата добрина – наша гордост”. На свеченоста присуствуваа: Градоначалникот на општината, претставници на: локалната самоуправа, училишта, установи и институции, невладини организации, бизнис секторот и членови на КУД “Илинден” – Демир Хисар. Пред присутните беше прикажан краток филм под наслов “Авантурите на Сара.” Потоа присутните ги поздрави градоначалниокот, г-дин Тони Ангелевски, кој ја истакна соработката со ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, партнерските односи во разрешувањето на проблемите на лицата со интелектуална попреченост, истакнувајќи дека поддршката како и досега продолжува и во наредниот период. Исто така, го истакна задоволството од работата и постигнатите резултати на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар. Присутните ги поздрави и претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, кој ги презентираше активностите на оваа организација во изминатата година. Главен акцент во оваа година беше ставен на подигнувањето на јавната свест кај граѓаните, а пред се децата и младината од основното образование. На темата “Што е интелектуална попреченост?” говореше Димче Ѓорѓиевски, ученик-едукатор од СОУ “Крсте Петков Мисирков” кој имаше посебно изработена презентација на оваа тема. За разликата меѓу менталната болест и интелектуалната попреченост зборуваче Николина Цветановска, ученичка-едукатор која преку својата презентација ги разјасни термините



ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар


ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

со цел да се дојде до вистината дека помеѓу овие две категории на лица постои разлика, а тоа е што менталната болест се лекува, а интелектуалната попреченост е состојба која останува до крајот на животот. Учениците од ОУ "Браќа Миладиновци" пред присутните настапија со сторија подготвена од нив, а посветена на лицата со попреченост, нивната ангажираност во давањето помош и нивно прифаќање како еднакви граѓани во општеството. За соработката и ангажирањето на наставниците и професорите од средното училиште зборуваше Роберт Петревски, кој ја истакна успешната соработка помеѓу училиштето и ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар. Во рамките на оваа манифестација беа прогласени и по три најдобри литературни и ликовни творби од основното и средното образование од распишаниот конкурс "Вашата добрина – наша гордост". Понатаму ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар додели признанија на поединци за успешното делување во подигнувањето на јавната свест кај младата популација, децата и граѓаните во остварувањето на нивните права. Воедно се доделија и благодарници на поединци и институции за даден придонес во остварувањето на програмските активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост. Пред самиот крај на настанот со своја програма пред присутните настапија и членовите на КУД "Илинден" од Демир Хисар. По завршувањето на манифестацијата присутните ја разгледаа изложбата поставена во холот на Домот на културата од ликовни творби изработени од учениците од основните и средните училишта.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје** во рамките на одбележувањето на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост организираше неколку различни активности. По контактот кој го оствари телевизијата "24 вести" со ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје беше снимен прилог за емисијата "Топ Форма" во кој се промовираа спортско-рекреативните активности на корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Скопје. Прилогот беше емитуван на 3-ти Декември. Во соработка со РЦПЛИП – ПОРАКА на 4.12. 2012 година се одржа Отворен ден на дневниот центар на кој присутвуваа голем број на соработници и поддржувачи на работата на ПОРАКА. Отворениот ден се организираше со цел да се подигне степенот на познавање и разбирање на потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и да се зголеми свеста за позитивните придобивки од нивното вклучување во секојдневниот живот на заедницата. Во текот на отворениот ден се презентираа активностите на дневниот центар – ПОРАКА Скопје, а присутните имаа можност да се дружат со корисниците на дневниот центар. Истата недела беше спроведена работилница со учениците од "QSI" – Американско средно училиште, а на нивна покана корисниците на дневниот центар присуствуваа на зимската приредба во Драмскиот театар организирана од ова училиште. Во рамките на одбележувањето на 3-ти Декември корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје одржаа уште две работилици. Едната со ученици од ОУ "Љубен Лапе", а другата со волонтери од Црвениот крст на град Скопје на кои изработуваа различни ракотворби.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип** одржа средба со своите членови, активисти, родители на лица со интелектуална попреченост. На средбата им беше презентирана темата "Здрава исхрана" од страна на Тана Николова, која кај учесниците побуди интерес и се разви интересна дискусија. Претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ја презентираше главната тема "Отстранување на бариерите со цел да се создаде инклузивно и пристапно општество за сите", а воедно ги запозна присутните со она што е постигнато во изминатава година, и што се планира да се реализира во иднина. По официјалниот дел, на членовите им беа поделени скромни подароци од донаторите "Баргала" АД Штип, спортски патики, и маички од Унијата на млади сили на ВМРО – ДПМНЕ, а локалната самоуправа организираше скромна закуска.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Дебар** во рамките на одбележувањето на 3-ти Декември, на покана на Центарот за лица со интелектуална попреченост од Елбасан, Албанија, беа нивни гости на 29.11.2012 година и учествуваа во нивните работилници. Посетата се искористи и за продлабочување на соработката помеѓу



ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје



ЦПЛИП - ПОРАКА Штип

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

овие два центри. На 3-ти Декември, пак Центарот од Елбасан беше во посета на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар, кој организираше средба на која учество зедоа релевантни актери во полето на интелектуалната попреченост. Секретарот на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар говореше за важноста на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, а пак претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар ги презентираше активностите кои беа реализирани во изминатава година. Особено ги истакна воспоставените контакти и продлабочената соработка со организзции од другите градови во Македонија, но и со градовите Елбасан, Корча и Поградец од Албанија.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Македонска Каменица** организираше работен состанок со градоначалникот на Македонска Каменица каде беа презентирани целите и активностите на организацијата, а и идните планови. Исто така беше реализирана и продажна акција потпомогната од вештите жени од Македонска Каменица. Тие подготвија разни гурмански специјалитети, а собраните средства ќе бидат наменети за идните активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Тетово** спроведе низа активности во рамките на програмата за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 30.11.2012 година беше одржан состанок со Градоначалникот на Општина Тетово, г-дин Сади Беџети, на кој се презентираше работата на ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово и идните активности. Средбата се искористи да се поразговара и за проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост во оваа општина и изнаоѓање на решенија за надминување на состојбите. На 2.12.2012 година се емитуваше дебатна емисија на локалната телевизија на која се говореше за значењето на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, со особен осврт на дискриминацијата на овие лица, надминувањето на бариерите за инклузија на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во редовните текови на општеството. На 3.12.2012 година во основните училишта “А.С.Ќиќиш“ и “Лирија” во Тетово беше презентирано значењето на 3-ти Декември. Потоа беа изведени приредби подготвени од овие ученици, на кои учество зедоа учениците од посебните паралелки и нивните родители. Истиот ден, корисниците од дневниот центар и вработените организираа изложба на ракотворби која имаше продажен карактер, а собраните средства ќе бидат наменети за активности на центарот. Подоцна во текот на денот беше организирано и дружење на членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово и членовите на здружението “Златна рака”.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Виница** во просториите на дневниот центар за лица со попреченост организираше средба со вработените и корисниците на дневните центри од Виница и Берово, претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Виница и Центарот за социјална работа во Виница. На средбата и неколкучасовното дружење со корисниците беа презентирани разни изработки на предмети, цртежи и новогодишни честитки, а размената на искуства помеѓу вработените, родителите и останатите присутни беа од корист за сите. Планираната средба со градоначалникот на Општина Виница, г-дин Емил Дончев, за жал не се одржа, поради неуспехот да се дефинира термин за состанок. Исто така, и предвидениот конкурс за ликовни и литературни творби во основните училишта не можеше да се реализира поради извршувањето на инспекција од страна на Министерството за образование и наука во основните училишта. На 21.12.2012 година ЦПЛИП – ПОРАКА Виница организираше посета на штитениците во Специјалниот Завод – Демир Капија, втора оваа година. Во соработка со Црвен крст Виница се спроведе собирна акција на алишта за корисниците на Заводот, а бидејќи посетата се спроведе во пресрет на новогодишните празници, се обезбедија и скромни новогодишни пакетчиња.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Кавадарци** следејќи ги насоките за овогодинешното одбележување на 3-ти Декември, организираше дебата на тема “Инклузија на деца со интелектуална попреченост во системот на основното воспитание и образование”. На дебатата учествуваа педагози и психолози од


ЦПЛИП - ПОРАКА Штип


ЦПЛИП - ПОРАКА Македонска Каменица

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

предучилишните установи и од основните училишта во Кавадарци, како и други релевантни чинители кои делуваат во полето на интелектуалната попреченост. Тие ги презентираа видувањата на оваа тема врз основа на сопственото работно искуство и во целост ја поддржуваат инклузијата на лицата со интелектуална попреченост во системот на образование. Дискутираа и за бариерите на кои наидуваат лицата со попреченост при учеството во сите аспекти од општеството, како на пример, непристапноста на физичката средина, непристапноста до информациска и комуникациска технологија. Сите присутни се согласија дека отстранувањето на овие бариери се услов за создавање на инклузивно и пристапно општество за сите. На 3-ти Декември, претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци имаа средба со градоначалникот на Општина Кавадарци, г-дин Александар Панов, на која ги презентираа своите активности, а од градоначалникот добија ветување дека ќе се залага за отстранување на бариерите за лицата со попреченост со кои тие се соочуваат на локално ниво. Лицата со интелектуална попреченост, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци учествуваа на музичкиот хепенинг во спортската сала "Партизан" – Кавадарци каде се претставија со сопствен настап. Сите активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци беа проследени од локалните медиуми.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп** одржа ликовна работилница под мотото "Отстранување на бариерите со цел да се создаде инклузивно и пристапно општество за сите", на која учество зедоа деца со интелектуална попреченост од Прилеп изработувајќи новогодишни честитки. На настанот беа поканети претставници од локалната самоуправа во Прилеп, граѓански здруженија, претставници од Центарот за социјална работа, како и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Куманово** во рамките на својата програма за одбележување на 3-ти Декември организираше дебата на која учествуваа родители на лица со интелектуална попреченост,



ЦПЛИП - ПОРАКА Кавадарци

претставници на релевантни институции и претставници на бизнис секторот од Куманово. На дебатата се разговараше за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост со цел подобра социјална инклузија и нивно учество во животот на заедницата. Во соработка со Дневниот центар за лица со посебни потреби, кој е во состав на Центарот за социјална работа во Куманово, ЦПЛИП – ПОРАКА Куманово организираше и неколку работилници каде децата можеа да ги покажат своите умешности во цртање и во подготовка на колачиња.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Крива Паланка** одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост го започна на 20-ти ноември со форумска сесија на која со компетентни лица се дискутираше на тема: "Отстранување на бариерите" во сите јавни институции. На сесијата се констатираше дека бариерите се отстранети кај најголем број од институциите, а онаму каде тоа не е сторено се заклучи да се стапи во контакт со локалната самоуправа со цел да се изнајдат решенија за надминување на состојбата. ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка организираше и ликовен конкурс на кој учествуваа учениците од општините Крива Паланка и Ранковце. По разгледувањето на добиените цртежи, се одлучи да се доделат 7 награди и две утешни награди кои беа јавно објавени на 3 и 4 декември. Централното одбележување на 3-ти Декември се одржа во дневниот центар за лица со интелектуална попреченост каде присуствуваа градоначалникот на Општина Крива Паланка, родители на лица со интелектуална попреченост и претставници на институции кои делуваат во областа на попреченоста. Градоначалнкиот при посетата истакна дека лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства треба во текот на целата година да ги уживаат своите права, а не само на 3-ти Декември, и за таа цел локалната самоуправа ќе води поголема грижа и ќе има поголема одговорност кон овие лица. Локалните медиуми исто така се приклучија на одбележувањето, и во целост го следеа настанот. На 4-ти декември, одбележувањето продолжи со настапот на учениците од основните училишта од општините Крива Паланка и Ранковце при што продефилираа преку 150 ученици кои настапија со свои програми и се дружеа со корисниците на дневниот центар. Од разговорот со менторите на групите ученици, јасно беше изнесен ставот дека веќе не постои одбојност на учениците кон овие лица, напротив, се поголем е бројот на оние кои сакаат да учествуваат во настапите, што дава за право да се заклучи дека учениците во голема мера се запознаени со интелектуалната попреченост, а лицата со интелектуална попреченост ги прифаќаат онакви какви што се без предрасуди и антипатија. На 7-ми декември беа посетени две семејства на деца со комбинирани попречености и едно семејство на дете со умерена интелектуална попреченост, при што им беа врачени симболични подароци, а со родителите се разговараше во однос на нивните права и активностите кои ги спроведува ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# ЕАСПД и ЕНИЛ испраќаат отворено писмо до претседателите на Европскиот совет, Европската комисија и Европскиот парламент

***По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост и ЕНИЛ, Европска мрежа за самостојно живеење, одлучија да говорат за последиците од мерките за штедење наметнати врз социјалните сервисни служби за лицата со попреченост. Отворено писмо беше испратено до европските лидери кои се сретнаа оваа недела во Брисел да разговараат за попреченоста и сиромаштијата на две одделни конференции на високо ниво со клучни креатори на политики и претставници на граѓанското општество.***

Отворено писмо до: Брисел, 30ти ноември 2012 година
Herman Achille van Rompuy, Претседател на Европскиот совет
José Manuel Durão Barroso, Претседател на Европската комисија
Martin Schulz, Претседател Европски парламент

Предмет: **Инвестирање во социјални сервисни служби за повторна изградба на социјална Европа**

Драги претседатели,

Финансиската и економската криза, која започна во 2008 година, сега стана и многу сериозна социјална криза. Политичките одговори немаат јасна и посветена димензија во социјалната политика и во политиката за вработување. Годишниот преглед за раст за 2012 година и Заедничкиот извештај за вработување покажува дека фискалната консолидација е се уште приоритет додека социјалните цели и целите за вработување во Европската стратегија 2020 не се доволно опфатени.

Спроведените истражувања и собраните статистички податоци во изминатите четири години покажуваат дека ранливите лица и сервисните служби кои им даваат поддршка се несразмерно повредени поради сето ова. Особено, социјалните сервисни служби за лица со попреченост низ цела ЕУ се погодени на голем број начини:

- Директни кратења во буџетите наменети за социјални сервисни служби;
- Затварање или несоодветно спојување на сервисни служби;
- Намалување на персонал, влошување на платата и условите за работа;
- Намалување на долгорочната одржливост;
- Кратења во поддршката за самостојно живеење и одложувања на развојните и иновативните програми;
- Негативни последици врз инклузивното образование;
- Намалување на поддршката и сервисните служби за вработување;
- Построги критериуми за квалификување.

Сето ова има негативно влијание врз расположловоста, достапноста и пристапноста на сервисните служби кои ги поддржуваат лицата со попреченост низ цела Европа и врз нивниот квалитет и одржливост, со многу пријавени случаи на целосно или делумно затворање на социјалните сервисни служби, како што јасно покажуваат истражувањата на ЕАСПД.

Условите за работа на персоналот во секторот, во многу случаи веќе критично, се влошуваат поради намалувањата на работните места и намалувања на платите. Ова е јасна последица од ограничените финансирања на сервисните служби, бидејќи околу 80% од трошоците за водење на сервисна служба отпаѓаат на човековите ресурси. Ова не само што има директно негативно влијание врз квалитетот на сервисните служби, туку претставува и пропуштена можност во однос на обезбедувањето на излез од кризата. Зголемената побарувачка за социјални сервисни служби – поврзано со зголемениот број на лица кои имаат потреба од нив – може да создаде економски раст и вработување, но за тоа треба инвестиции, а не намалувања.

Намалувањето во јавната поддршка ги тера лицата со попреченост и нивните згрижувачи, во многу ЕУ земји, самите да плаќаат поголем дел од трошоците за сервисните служби, и да надоместуваат за недостигот од сервисни служби со тоа што ќе се потпираат на неформални и семејни згрижувачи, што покренува сериозни прашања околу еднаквоста.

Обезбедувачите на сервисни служби се во голема мера принудени да обезбедуваат постандардизирани и безлични сервисни служби како последица од кризата, се зголемува конкуренцијата за ограничените средства, барањата за тендерите се позатегнати и се бараат нереални резултати од сервисните служби за помалку пари. Тоа ги намалува сервисните служби ориентирани кон лицето и води кон намалување на иновативните и сервисни служби во местото на живеење, кои се често први на удар за кратења, и покрај обврските согласно член 19 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост кои се потврдени и во Европската стратегија за попреченост.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

**Од вас бараме итно да ги разгледате политичките и финансиските избори кои се направени досега и да промовирате инвестиции во социјалната инклузија и кохезија** за да се осигура дека ќе се исполнат целите на ЕУ2020 за намалување на сиромаштијата, за подобрување на вработувањето и образованието.

**Инвестирањето во социјални сервисни служби не само што има социјална смисла, туку има и економска смисла**: социјалните сервисни служби како економски сектор многу побрзо се развиваа отколку други сектори на економијата во периодот 2000-2009, и генерираа околу 5% од вкупниот економски ефект на Унијата. Тие имаат потенцијал, во исполнување на растечките потреби, да играат значајна улога во економското опоравување.

Концептот на **Social Return on Investment** развиен во САД во 1990-тите, користен е и во Европските земји за да се мери економскиот ефект од социјалните сервисни служби и претпријатија. Тие **покажуваат дека непрофитните организации кои ги поддржуваат лицата со попреченост можат, преку нивните активности, да креираат штедење на трошоците, а и профит за јавното кесе**. Тоа, исто така, има позитивни исходи за идните носители на одлуки бидејќи позитивните промени во ситуацијата на корисниците на сервисни служби, организациските структури и процеси ќе има позитивни и долгорочни резултати.

Во време на смалување на ресурсите кога јавните пари треба да се трошат особено внимателно, **многу позначајно е да се осигура дека секое евро е важно и дека се користи за да и служи на заедницата на најдобар можен начин**. Иновативните социјални сервисни служби помагаат ова да се обезбеди. Истражувањата покажуваат дека финансирањето на сервисните служби кои ги поддржуваат лицата во местото на живеење прават многу повеќе отколку финансирањето кое се користело за да се сместуваат лицата во големи, институционализирани средини. Интервенирањето директно во рамките на заедницата дури и пред да се јави потреба од институционална грижа (како што е случај со децата) е многу повеќе ориентирано кон правата на лицата, е проактивен, корисен и економски исплатлив пристап кон социјалната криза со која се соочуваме.

**ЕУ не е само економски проект туку и социјален, кој ги става луѓето во центарот на своите загрижености – како што е наведено во член 3 од Договорот за Европска унија** и во Европската стратегија 2020. Шефовите на држави и влади, како и на европските институции, се посветени на постигнувањето јасни цели во однос на намалување на сиромаштијата, поголема стапка на вработеност и образовни нивоа, а со тоа и поголема инклузија. ЕАСПД, Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост и ЕНИЛ, Европска мрежа за самостојно живеење, ја повикуваат ЕУ да промовира политики кои ќе имаат јасно влијание врз исполнувањето на овие цели.

**Помогнете на секторот за социјална грижа за да му се помогне на општеството**: ги повикуваме европските институции да промовираат расположливост, пристапност и достапност со цени на сервисните служби преку инвестирање во секторот и осигурување на неговата привлечност како остварлива опција за кариера преку поттикнување на соодветна рамка за доживотно учење, добри услови за работа и извонредност во механизмите на социјален дијалог.

Понатаму, ги повикуваме Европските институции да го **стават квалитетот во суштината на социјалните сервисни служби од општ интерес. Сектор кој бара социјален бенефит не треба да делува според истите правила како и претпријатијата кои бараат финансиски профит**. Оваа специфичност треба да се признае и да се почитува. Сервисните служби ги поддржуваат и ги зајакнуваат лицата со попреченост. Тие ги придружуваат корисниците на сервисни служби преку едукација и учење, кон вработување; тие го поплочуваат патот нанапред кон инклузија во општеството и конкретно придонесуваат за намалување на притисокот врз шемите за социјална заштита, а со тоа учествуваат во зајакнување на социјалната кохезија.

**Овие економски аргументи кои ние ги наведовме мора да му служат на секому со цел да ги ужива своите човекови права и еднакви можности на еднаква основа со другите**. ЕАСПД и ЕНИЛ сакаат повторно да ја потврдат основната улога на социјалните сервисни служби во овозможување лицата со попреченост, а особено оние со голема потреба за поддршка, да ги уживаат нивните основни права. Мерките за штедење во сферата на социјалната политика се закана за правата на лицата со попреченост и имаат негативни импликации врз нивниот квалитет на живеење. Тие, воедно, се во спротивност со преземените заложби од страна на Европската унија и од најголемиот број држави членки со ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и со Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020.

Во таа насока, **од пресудно значење е претстојните документи: политика за кохезија, регулативите за структуралните фондови и општата стратешка рамка за периодот 2014 – 2020 да ја вклучат обврската за заштита и промовирање на социјална политика и основни права за најнемоќните**. “Пакетот за социјално инвестирање” предвиден за почетокот на 2013 година мора да биде заснован на човекови права и да има долгорочна перспектива во признавање дека инвестирањето во сервисни служби е потребно со цел да се постигне поеднакво и во подем општество.

**Не е предоцна да се промени насоката и да се осигура дека најнемоќните нема да платат за оваа криза!**

*повеќе информации се достапни на*
*www.easpd.eu*

# Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

## Час по физчко образование во ОУ “Никола Карев” – Радовиш

Корисниците на дневниот центар ПОРАКА Радовиш заедно со ученици од осмите одделенија во ОУ “Никола Карев” спортуваа на час по физичко образование. Веднаш се создаде атмосфера на пријателство и еднаквост на сите покажувајќи ги секој своите спортски вештини.

Задоволството на корисниците беше големо бидејќи за прв пат имаа можност да се запознаат со текот на наставата по физичко образование, да спортуваат во спортска сала од затворен тип, опремена со голем број на спортски реквизити потребни за одвивање на наставата, да се запознаат со една нова училишна средина и барем еден ден да бидат дел од образовниот процес.

Се надеваме дека соработката со ОУ “Никола Карев” ќе продолжи со цел да се промовираат можностите на лицата со интелектуална попреченост.



## Хумана акција на Унија на млади сили од Радовиш

На 31.10.2012 година во просториите на Дневниот центар – ПОРАКА Радовиш, унијата на млади сили покренаа повторно сопствена иницијатива да им посветат внимание на корисниците на Дневниот центар преку хумани дела.

Тие имаа можност да се запознаат со новите простории на дневниот центар, да слушнат од одговорното лице за начинот на функционирање на оваа сервисна служба, за потребите и можностите на лицата со интелектуална попреченост со оглед на тоа што повеќето од нив за прв пат посетија една ваква сервисна служба од современ тип.

Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш добија подарок по еден пар спортски патики со кои ќе можат да спортуваат, но секако овој подарок е поддршка и помош на буџетот на нивните семејства.

Се надеваме дека овој пример ќе биде поттик за други поединци, организации или фирми од нашиот град, да дојдат и да им посветат внимание на лицата со интелектуална попреченост.



## Систематски прегледи за корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш во соработка со Здравствениот Дом организираше систематски прегледи за здравствената состојба на корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш. Оваа активност за прв пат се спроведува благодарение на успешната соработка со директорот на оваа институција. Здравствениот стручен тим имаа одличен пристап кон корисниците, а со тоа ја намалија нивната вознемиреност и страв од лекарските прегледи.

Се направија примарни прегледи на крвта, шеќер и холестерол, ЕКГ прегледи и секако се дадоа понатамошни насоки за подобрување на нивната здравствена состојба.

Голема благодарност до стручните служби и персоналот за одличниот прием и се надеваме дека соработката ќе продолжи и наредната година.



## Социјални активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Кавадарци

# Во посета на спомен домот на Тоше Проески во Крушево

Во прилог на долго планираната и посакувана посета на спомен домот на нашиот Тоше беше прекрасниот пријатно сончев ден иако во месец октомври. Патувањето до Крушево помина во пријатна и весела атмосфера со повремено освежување со пијалоците што ни ги обезбеди фирмата Горска.

Во оваа прилика би сакале да упатиме благодарност до вработените во Спомен куќата на Тоше бидејќи ни овозможија бесплатен влез. При влегувањето во просториите на спомен домот на нашиот Тоше, лицата со интелектуална попреченост за кои Тоше е идол, беа обземени од звуците на неговите песни кои го исполнуваа внатрешниот простор.

Разгледувањето на просториите и витрините во кои се изложени предмети што ги поседувал Тоше видно ги развесели. Со внимание ги гледаа неговите лични предмети, музички инструменти, награди и признанија, делови од гардероба... Сите имаа можност да ги стават слушалките на уши и со стисок на прстот на тастатура да изберат да слушнат било која од песните на Тоше.

По обиколката на просториите го напуштивме спомен домот на Тоше и се упативме кон местото каде



е погребан, запаливме свеќи и му оддадовме почит, а оттаму се упативме до манастирскиот комплекс Свето Преображение.

Во попладневните часови го напуштивме Крушево и се вративме во Кавадарци, презадоволни од посетата на родното место на нашиот Тоше, неговиот спомен дом, местото каде е погребан и манастирскиот комплекс.

## Социјални активности на дневиот центар - ПОРАКА Скопје

# Спортување и рекреација во О.У.”Љубен Лапе”

Благодарение на поддршката од О.У. “Љубен Лапе”, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје неколку години наназад во текот на зимските месеци имаат можност за рекреација и спортување во нивната фискултурна сала.

Годинава оваа активност беше и медиумски покриена. Имено, по повод 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, екипа од телевизијата “24 вести”, поточно од емисијата “Топ форма”, помина еден убав ден во спортување со корисниците и направи ТВ прилог кој се емитуваше токму на Меѓународниот ден.

Изразуваме голема благодарност до О.У. “Љубен Лапе” и до екипата од “Топ форма” на “24 вести”.



# Продолжува соработката со Институтот за Вајарство

Соработката која Дневниот центар - ПОРАКА Скопје пред две години ја воспостави со Факултетот за уметност – Отсек Вајарство продолжува и понатаму, на обострано задоволство.

Во изминатитот период, корисниците на услугите на дневниот центар - ПОРАКА Скопје реализираа работилници со студентите од Факултетот за уметност – Отсек Вајарство. Работилниците се одржаа во просториите на Факултетот, а се состоеја од изработка и боење на разни фигури од глина, а повод и тема беше државниот празник 11 Октомври.

Изработените декорации беа поставени како изложба во просториите на факултетот.



# Наша Страница

## Работилница со учениците од Американското средно училиште - QSI

Во рамки на воспоставената соработка со Американското средно училиште “QSI”, корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Скопје  во неколку наврати беа посетени од учениците во ова училиште, со цел да се реализираат заеднички работилници.





Поделени во неколку групи, учениците и корисиниците заедно работеа и спроведуваа активности кои опфатија изработка на накит, изработка на новогодишни честитки, изработка на цвеќиња од хартија, како и практични активности во кујна односно подготовка на американски колачиња.





Вредно е да се напомене дека овие активности беа иницирани од учениците, кои поттикнати од убаво поминатите часови во дневниот центар, изразија желба за повторна средба и соработка.

ISSN 0350-5863